АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLAR ARKIVOR

Архивски знак: 0201
Shenja arkivore:
Рок на чување: 1
Afati i ruajtjes:
01.04.2025 година viti
Потпис Nënshkrimi

Врз основа на член 21 став (1) точка 11 од Статутот на Националната установа Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија, а во врска со член 77-ѕ од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018), Управниот одбор на Националната установа Оркестар за џез музика на РСМ, на 14-та Седница одржана на 01.04.2025 година, донесе:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-227/8
01.04. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## *ПРАВИЛНИК*

### *за спроведување на постапка за оценувањето на давателите на јавни услуги во културата*

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во Национална Установа Оркестар за џез музика на РСМ од категорија Б - уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски области дела и Г - стручни соработници во дејности од на културата.

Оценувањето  на ефектот на вработените од категоријата А-уметници, со исклучок ќе се уреди со посебен акт на установата (Правилник за реаудиција).

**Член 2**

Оценувањето се врши со цел да се добие реална слика за стручноста, квалитетот, ефикасноста на вработените во извршувањето на работните задачи.

Резултатите од оценувањето, односно оценката за ефектот, стручноста и компетентноста на вработените, се земаат во предвид и во постапките за распоредување и унапредување на вработените.

Непосредно претпоставениот е должен континуирано да го следи ефектот на вработениот од непосредно пониско ниво во текот на целата година и по потреба да предлага мерки за подобрување.

**Член 4**

(1) Оценувањето на ефектот на давателите на јавна услуга во културата, со исклучок на каегоријата А ниво А1, се врши еднаш годишо и тоа најдоцна до 1 декември за тековнста година.

(2) Оценувањето од ставот (1) на овој член го врши непосредно претпоставениот давател на јавна услуга во културата, односно директорот, во случај кога нема непосредно претпоставен (во натамошниот текст: оценувач).

**Член 5**

(1) Податоците добиени при оценувањето, се внесуваат во Образецот за оценување на давател на јавна услуга, кој е даден во прилог на овој правилник.

(2) Образецот за оценување се чува во работното досие на вработениот, кој добива копија од образецот.

(3) Против постапката за оценување незадоволниот вработен има право во рок од осум дена да поднесе жалба за оценување до Управниот одбор на Установата.

**Член 11**

(1) Вработениот кој во текот на годината за која се врши оценувањето бил отсутен од работа повеќе од шест месеци (боледување, неплатено отсуство и друго-се наведува во образецот), како и за вработен кој за првпат се вработил и работел пократко од шест месеци во периодот за кој се врши оценувањето нема да биде оценуван.

(2) Оценувањето на вработениот, кој во текот на годината за која се врши оценувањето е распореден, односно преземен на друго работно место, го врши новиот оценувач, врз од претходниот оценувач.

(3) Доколку оценувачот, во текот на годината за која се врши оценувањето го промени работното место или му престане работниот однос, оценувањето на вработените го врши новиот раководител врз основа на писмен извештај од претходниот.

**Член 12**

(1) По завршеното оценување обрасците се доставаат до организационата единица за човечки ресурси, која подготвува извештај за резултатите од оценувањето и го доставува до директорот најдоцна до 31 јануари наредната година.

2) Образецот за извештајот став (1) на овој член содржи: штембил со архивски број и датум, податоци за бројот на оценети и неоценети, причините за неоценетост, табеларен приказ на извршените оценувања и потпис на раководното лице на установата.

(3) Образецот е во прилог на овој правилник.

**Член 13**

Овој Правилник го донесува Управниот одбор на НУ Оркестар за џез музика на РСМ и влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Член 14**

Правилникот ќе се објави на огласна табла и на веб страната на установата.

Претседател на УО,

Сашко Николовски